Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА**
**ЛИЧНАТА КАРТА**

Се прогласува Законот за личната карта,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 февруари 1995 година.

Број 09-620/1
9 февруари 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с. р.

# З А К О Н
# ЗА ЛИЧНАТА КАРТА

Член 1

Личната карта е јавна исправа со која се докажува идентитетот, државјанството и живеалиштето на граѓанинот на Република Македонија.

Граѓанинот може да има само една лична карта.

Член 2

Секој граѓанин со наполнети 18 години живот должен е да има лична карта.

Личната карта може да се издаде и на граѓанин со наполнети 15 години живот, на негово барање.

Член 3

Личната карта ја издава Министерството за внатрешни работи.

Член 4

Барањето за издавање на лична карта се поднесува во Министерството за внатрешни работи според подрачјето на кое граѓанинот има живеалиште.

Барањето за издавање на лична карта се поднесува на пропишан образец.

Со барањето од ставот 2 на овој член граѓанинот поднесува две фотографии. По исклучок, граѓаните родени во странство поднесуваат и извод од матичната книга на родените.

Член 5

Образецот на личната карта содржи: назив „лична карта"; натпис „Република Македонија" со втиснат грб на Република Македонија; ознака на серијата и серискиот број и место за фотографија.

Во образецот на личната карта се запишуваат следните податоци: општина во која личната карта се издава; име и презиме на граѓанинот, ден, месец и година на раѓање; место,

општина и држава на раѓање; живеалиште и адреса на станот; единствен матичен број на граѓанинот; датум на издавање на личната карта; регистерски број; рок на важење на личната карта; потпис на овластеното службено лице на органот што ја издал личната карта и печат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а имињата на припадниците на националностите се запишуваат и според јазикот и писмото на националностите.

Член 6

Од граѓанинот кој поднесува барање се зема отпечаток.

Член 7

На граѓанин помлад од 25 години живот личната карта му се издава со рок на важење од 7 години, на граѓанин од 25 до 50 години живот личната карта му се издава со рок на важење од 15 години, а на граѓанин постар од 50 години живот личната карта му се издава со трајно важење.

Барање за замена на личната карта се поднесува најдоцна во рок од 30 дена пред истекот на рокот на важењето на личната карта.

Член 8

На граѓанин кој ќе го промени живеалиштето или ќе изврши промена на личното име, му се издава нова лична карта.

При промена на адресата на станот на живеалиштето, граѓанинот е должен да поднесе барање за замена на личната карта со нова.

Член 9

Граѓанинот од членот 2 став 1 на овој закон должен е личната карта да ја носи со себе и да ја покаже на барање на службеното лице кое со закон е овластено да легитимира.

Не е дозволено давање на лична карта на друг на послуга, односно, послуга со туѓа лична карта како со своја.

Член 10

Кога службено лице на Министерството за внатрешни работи овластено да легитимира ќе утврди дека личната карта на граѓанинот е толку оштетена или дотраена што не може да и служи на својата намена или изгледот на имателот на личната карта е толку изменет што не одговара на фотографијата на личната карта, ќе го задолжи граѓанинот во рок од 15 дена да поднесе барање за замена на личната карта.

Во случаите од ставот 1 на овој член барање за замена на личната карта може да поднесе и граѓанинот.

Член 11

Граѓанин кој ќе загуби лична карта или на друг начин ќе остане без неа должен е да пријави на Министерството за внатрешни работи и да поднесе барање за издавање на нова лична карта.

Ако граѓанинот на кој му е издадена нова лична карта ја пронајде порано издадената лична карта, должен е веднаш истата да ја предаде на Министерството за внатрешни работи.

Член 12

Министерството за внатрешни работи најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето, ќе му издаде лична карта на граѓанинот.

Член 13

Во случаите од членот 7 став 2, членот 8 и членот 10, при подигање на новата лична карта, граѓанинот ја предава старата лична карта на Министерството за внатрешни работи заради поништување.

Член 14

Министерството за внатрешни работи води евиденција за издадените лични карти согласно со утврдените стандарди и законски прописи.

Член 15

Со парична казна од една шестина до една половина од плата ќе се казни за прекршок физичко лице кое:

1. има повеќе од една лична карта (член 1 став 2);
2. со наполнети 18 години живот нема лична карта (член 2 став 1);
3. ќе поднесе невистинит извод од матичната книга на родените (член 4 став 3);
4. во законски утврдениот рок не поднесе барање за замена на личната карта (член 7 став 2 и член 10);
5. нема да поднесе барање за замена на личната карта (член 8 став 2) и
6. ќе ја даде личната карта на послуга на друго лице или ќе се послужи со туѓа лична карта како со своја (член 9 став 2).

Со парична казна до една петина од плата ќе се казни за прекршок физичко лице кое не ја носи со себе личната карта или ќе одбие да ја покаже личната карта (член 9 став 1).

Член 16

Министерот за внатрешни работи во рок од три месеци од влегувањето во сила на законот ќе донесе подзаконски прописи за образецот на личната карта, постапката за издавање и замена на личната карта и за начинот на водење на евиденција за издадените лични карти.

Член 17

Личните карти издадени по досегашните прописи ќе важат до рокот на важење кој е наведен во личната карта, а најдолго во рок од две години од денот на влегувањето во сила на подзаконскиот пропис за образецот на личната карта.

Со личните карти издадени до 1 април 1993 година не се докажува државјанството на Република Македонија.

Член 18

Грбот на Република Македонија кој согласно со членот 5, став 1 на овој закон е составен дел на образецот на личната карта, нема да се втиснува при издавање на новите лични карти сè до донесување на законот за грбот на Република Македонија.

Член 19

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за личната карта („Службен весник на СРМ” број 15/73, 20/73, 38/85, 37/87, 51/88 и 19/90) и Законот за основните податоци на личната карта („Службен лист на СФРЈ” број 6/73).

Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.